# Извадок на дел од дневни настани 13.07.2023

На 12.07.2023 во 14.20 часот, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода А.А.(44) од Струмица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана. При претресот, А.А. со лицата Ѓ.А. и М.А. агресивно се однесувале кон полициски службеници при вршење службени дејствија. А.А. бил задржан во Полициската станица Струмица, за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 12.07.2023, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Р.Р.(52) од Прилеп. При претрес во неговиот дом и други простории во Прилеп, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилки, дигитална вага и други предмети. Лицето било задржано во полициска станица и по документирање на случајот против лицето ќе следува соодветна пријава.

Денеска (13.07.2023) во 01.40 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.07.2023 во 19.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Карпош го лишиле од слобода М.Л.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.07.2023 во 21.15 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.07.2023 на ул.„Пере Тошев" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп привеле малолетник од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје – Одделение за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода ќе поднесе кривична пријава против З.Т.(45) од општина Илинден поради постоење основи на сомнение за сторено кривично „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. По преземени мерки и извршено вештачење било констатирано дека тој со употреба на сила влегол во куќа на подрачјето на Кисела Вода и одзел предмети. Лицето било лишено од слобода и со него бил извршен службен разговор.
На 12.07.2023 во 22.00 часот на Граничниот премин Табановце, при контрола и гранична проверка било констатирано дека Љ.Ф.(33) од с.Отља, општина Липково, на увид приложил фалсификувана белгиска возачка дозвола. Додека, при контрола на багажот и возилото кое го управувал, била пронајдена и македонска возачка дозвола која, исто така, била фалсификувана. Пронајдените предмети биле одземени и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (12.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 279 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 143 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 136 надвор од населено место.

На 12.07.2023 во 16.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Архиепископ Доситеј" и ул.„Струмичка", патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.К.(29) од с.Арачиново, скопско, удрило во тротинет, управуван од малолетник од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, а со телесни повреди се здобил малолетен сопатник на тротинетот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на вчерашниот ден (12.07.2023), во периодот од 17.00 до 23.00 часот, спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 252 возачи. Од нив, 152 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 52 возеле без возачка дозвола, девет мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава... За време на контролата санкционирани се и 157 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 12.07.2023 во 16.10 часот во СВР Охрид било пријавено дека на регионалниот пат Охрид-Св.Наум, помеѓу Заливот на коските и с.Трпејца, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат леон" со охридски регистарски ознаки, управувано од Б.Р.(36) од с.Трпејца и патничко возило „шкода октавија" со германски национални ознаки, управувано од В.Т.(33) од Р.Германија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „шкода октавија", Ј.Л.(66) од Република Србија, а со телесни повреди се здобиле возачот Б.Р. и уште една малолетна сопатничка од возилото „шкода октавија" констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид и Општата болница Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (12.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 218 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 35 санкции, 17 санкции за возење без возачка дозвола, 25 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, две санкции за некористење сигурносен појас...

На 12.07.2023 во 13.50 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Кичево, помеѓу с.Требеништа и с.Мешеишта, патничко возило „фолксваген голф" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.З.(47) од с.Стрелци, кичевско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле сопатниците Ќ.С.(56), Ф.З.(22) и Ф.З.(46), сите од с.Стрелци, а возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид и Општата болница Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

Вчера (12.07.2023) на подрачјето на СВР Тетово беше спроведена акциска контрола на мотоциклисти. При контролата биле откриени и санкционирни вкупно 32 прекршоци (ТЕ-25 и ГВ-7). Најголемиот број од прекршоците (ТЕ-13 и ГВ-4) се однесувале на некористење на заштитни шлемови, односно кациги, 10 мотоциклисти (ТЕ-8 и ГВ-2) непоседувале возачки дозволи, а 5 (ТЕ-4 и ГВ-1) имале истечена осигурителна полиса. На сите им се изготвени законски предвидените поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби кои, зависно од видот и карактерот на прекршокот, се движат од 50 до 250 евра во денарска противвредност.

На 12.07.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„Стојан Сандески" во Кичево, велосипед управуван од малолетник удрил во малолетен пешак, двајцата од Кичево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетниот пешак, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 12.07.2023 во периодот од 15.00 до 23.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена засилена контрола над возачи кои управуваат мотоцикли. При контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 12 на подрачје на Струмица, 8 на подрачје на Радовиш и 6 на подрачје на Валандово. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 12.07.2023 во 21.50 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на патот Штип - Кочани, кај с.Тркање, кочанско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед со кочански регистарски ознаки, управуван од Д.С.(19) од с.Тркање и патничко возило „ауди" со штипски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(19) од с.Крупиште-општина Карбинци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Општата болница Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 12.07.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.Р.(24) од Скопје пријавила дека на ул.„Ѓорче Петров" била касната од куче скитник.

Денеска (13.07.2023) во 14.35 часот на ул.„Крушевска Република" во Струмица, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и од Одделението за криминалистички работи Гази Баба го лишиле од слобода Р.Е.(25) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Полициската станица Струмица, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 13.07.2023 во 00.30 часот на булеварот „Ослободување" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода е Б.К.(19) од Кичево, затоа што кај него бил пронајден и одземен пиштол „Взор" калибар 7,65 милиметри и три куршуми ист калибар, што нелегално ги поседувал. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Т.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Пријавениот, во својство на управител и сопственик на правно лице од Скопје, во текот на декември 2022 година набавил фалсификувано Уверение за платени даноци и придонеси и го пуштил во правен промет преку електронскиот систем за јавни набавки во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести како прилог на тендерска документација, по претходно објавена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки.

На 12.07.2023 околу 12.00 часот во населба Караорман во Гевгелија, полициски службеници од ОВР Гевгелија пронашле 10 лица мигранти, од кои осум од Сирија и две од Египет. Имено, полициските службеници забележале дека во патничко возило „форд мондео" се превезуваат лица мигранти, додека во патничко возило „рено лагуна" со скопски регистарски ознаки се качуваат лица мигранти. Откако ги забележале полициските службеници, возилото „форд" го напуштило местото, додека возачот на возилото „рено лагуна" го напуштил возилото, по што во него биле пронајдени мигрантите. За случајот бил известен Јавен обвинител, а мигрантите биле спроведени во прифатно - транзитен центар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.07.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 9 во населено место и 15 надвор од населено место. Истиот ден, во периодот од 17.00 до 23.00 часот, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат мотоцикли. За време на контролата биле констатирани 33 прекршоци, од кои 18 за неносење заштитна кацига, 7 без возачка потврда, 4 за непродолжена осигурителна полиса, 1 за нерегистриран мотоцикл, кој согласно чл.344 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата бил одземен и 3 други видови на прекршоци. Санкционирани биле и 5 други видови на прекршоци, од кои, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за неносење сигурносен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 12.07.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на крстосницата од улиците „8 Септември" и „Илинденска" во Радовиш се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел мерива", управувано од Р.А.(38) од Радовиш и мотоцикл, управуван од Ј.Ч.(49) од Радовиш, двете со радовишки регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, а со телесни повреди се здобила сопатничката на мотоциклот Д.Ч., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото на несреќата извршиле Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и екипи на СВР Струмица и ОВР Радовиш.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Г.(60) од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Пријавената, на 18.03.2023 на социјална мрежа Фејсбук, под една објава, напишала коментар со недолична содржина со кој ширела говор на омраза и повикувала на насилство.

На 12.07.2023 во 23.20 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат Фалише – Тетово, мотоцикл без регистарски ознаки, управуван од Д.Ј.(30) од тетовско Фалише, излетал од коловозот. Во несреќата, Д.Ј. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

Денеска (13.07.2023), полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.Б.(26) и И.З.(46), двајцата од Скопје, затоа што околу 02.20 часот на ул.„Костурски херои" физички нападнале вработен во Бригадата за противпожарна заштита Скопје кој вршел службени дејствија - гасење пожар на локацијата. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.07.2023 во 02.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на фабрика на подрачјето на Автокоманда во Скопје настанал пожар во стражарска куќа, сопственост на приватна фирма од Скопје. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје.

На 12.07.2023 на регионалниот пат Тетово – Јажинце, пред влезот за тетовско Одри, патничко возило „тојота" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 37-годишната Х.Р.Б. од тетовски Порој, удрило во пешакот Ш.Ќ.(33) од Одри. Притоа, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против О.М.(36) од Крива Паланка и Д.А.(51) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измамување на купувачи" и „фалсификување исправа". На 03.03.2022, првопријавениот преку веб страна, која не била регистрирана како трговец, пуштил во промет производ и измамил едно лице така што му продал производ кој не одговара на содржината, видот, потеклото и квалитетот во описот објавен на неговата интернет продавница. Додека второпријавениот, лажно претставувајќи се како доставувач од брза пошта, преправил исправа – адреса на фирмата за брза пошта и таквата исправа ја употребил при достава на производот.

На 12.07.2023 во 13.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во 13.35 часот во кругот на фабрика на подрачјето на Гази Баба, В.К.(57) од Кочани, додека извршувал работни задачи за фирма од Штип, се повредил и починал. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид на местото извршиле увидна екипа од СВР Скопје, јавен обвинител и трудов инспектор. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 12.07.2023 околу 14.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека на улица „Димитар Влахов" во Гостивар, патничко возило „фолксваген" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 56-годишниот гостиварец З.В., удрило во пешакот С.С.(30) од гостиварско Речане. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 12.07.2023 во 19.20 часот во СВР Скопје, С.А.(68) од с.Инџиково, скопско, пријавил дека околу 18.20 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.07.2023 во 22.30 часот во СВР Скопје, Г.Ш.(44) од Скопје пријавила дека околу 19.40 часот на подрачјето на Чаир нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.07.2023 во 19.26 часот во СВР Скопје, Н.А.(34) од Скопје пријавила дека околу 15.20 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходни недоразбирања, била физички нападната од Т.Т.(48) од Скопје. Додека, на 12.07.2023 во 19.26 часот Т.Т. пријавил дека на 11.07.2023 околу 15.20 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, Н.А. додека управувала патничко возило, го удрила во пределот на нозете и го повлекла со возилото. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 12.07.2023 во 21.10 часот во СВР Скопје, С.У.(33) од Скопје пријавил дека околу 20.25 часот на базен на подрачје на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (13.07.2023) во 04.38 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 03.30 часот, четири лица со употреба на сила влегле во куќа на подрачје на Гази Баба и физички го нападнале сопственикот Б.С., по што со закана од неговата сопруга К.М. одзеле пари. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Н.(54) од село Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „кражба во обид" и против А.Н.(50) од село Џепчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено едно кривично дело „кражба во обид". На 13.06.2023 на улица „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници ги забележале пријавените при обид да извршат кражба, по што побегнале, но набргу биле фатени, при што првопријавениот физички нападнал полициски службеник при извршување службени дејствија.

На 12.07.2023 во 14.40 часот во СВР Скопје, М.А.(44) од Скопје пријавила дека на 03.07.2023 околу 22.30 часот на подрачјето на Аеродром, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет